# ПРЕДЛОГ

# П Р О Г Р А М А

## 1. Патот на новата социјалдемократија во Република Македонија

Последните години, од прогласувањето на независноста па се до денес, Република Македонија го носи белегот на транзицијата, односно трансформирањето на општествено-политичкото и економско организирање, од етатистички заснованиот систем на организација, кон еден либерално-демократски модел на системско организарање на животот на граѓаните во Република Македонија. Во првите години од независноста очекувањата, надежите и желбите на граѓаните за подбро утре, за подобар живот, за поголема демократија, беа силно потхранувани со слаткоречивата реторика на политичките партии и нивните лидери, декларативно вкоренети, како во левиот така и во десниот дел од политичкиот спектрум. Но, политичката практика и секојдневниот живот на граѓаните фрлаа сосем поинаква светлина врз работите. Процесите на социјално раслојување се интензивираа, директно рефлектирајќи се врз социјалната кохезија и довербата на граѓаните во политичките елити. Економската транзиција беше вредносно испразнета, ставена во функција на тесните бизнис и партиски интереси, кои надвладеаа над интересот на заедницата. Не можеше да се зборува за некоја доктринарно-идеолошка доследност на политичките партии при креирањето и спроведувањето на јавните политики, што беше производ на отфрлањето и деградирањето на авторитетот на политичката идеологија и нејзините капацитети да биде основна водилка во политичкото делување. Општеството, во сите свои сегменти, политиката, економијата, социјалата и културата, полека

атрофираше. Човечкиот образовен и интелелктуален капитал беше фрлен на маргините, препуштен на грижата за тоа како да се преживее. Корупцијата и криминалот силно се вкоренуваа и вдомуваа во сите сегменти на општествено-политичкото ткиво. Институционалните носители на Власта ја напуштија и изгубија основната конституционално заснована функција, прераснувајќи во функционален инструмент за реализација на вонинституционалните теснопартиски и бизнис интереси, на штета на општиот интерес. Социјалната одговорност и солидарноста повеќе не постоеја, политичкиот живот беше препуштен на голата прагма.

Оваа слика на македонскиот политички простор, обоен со идеолошко-политичката конфузност на неговите субјекти, создаде силна потреба кај една група ентузијасти, со нагласени индивидуални способности и одговорности, со чувство за припадност кон заедницата, со изградена социјална и политичка одговорност, за создавање на еден нов политички субјект, способен да изгради и понуди силна политичка алтернатива, подготвена да ги прифати ризиците и одговорностите кои ги наметнуваат предизвиците на глобализираниот свет и општество. Потребата беше задоволена со формирањето на НСДП и нејзнито силно, чесно и самоуверено вклучување во политичките процеси. Се роди една нова демократска левица која на социјалдемократија заробена во политичката летаргичност и прагма во Република Македонија ѝ отвори нови политички и општествени ресурси. Во македонскиот политички простор се внесе нов импулс, кој произлезе од социјалдемократската идеја, идеја која промовира општествени вредности и алтернативи кои нудат одговор на прашањето за усогласувањето на социјалниот и економскиот развиток, силно промовирајќи ги целите на различни социјални групи, штитејќи ги слабите и маргинализирани припадници на општеството, осигурувајќи го развојот и просперитетот на општествената заедница.

Нашето општество е обликувано од различни култури, животни стилови, вредности и интереси. Ние решивме да бидеме партија на лево

ориентирани луѓе, зато што сакаме да ја интегрираме и фокусираме оваа различност врз основата на нашите базични вредности. Ние сме политички дом за сите оние кои сакаат да ја обликуваат Македонија во сликата на социјалдемократијата и сакаат да ги реализираат политичките принципи, политичките идеали и политичката филозофија на новата социјалдемократијата. Прифаќајќи ја генералната политичка насоченост, како појдовна основа во креирањето на политиките, на модерните европски социјалдемократски политички партии кон економската одржливост, човековите права и демократското владеење, НСДП се надорзува на новата социјалдемократија, како светско движење посветено на модернизирани и прогресивни политики, движење кое постојано трага по нова рамнотежа на економскиот динамизам и социјалната еднаквост, по нова општествена согласност заснована врз индивидуалните права и одговорности и по нов модел на управување со државата, кој им обезбедува на граѓаните нови можности и потенцијали да ги решаваат сопствените проблеми. Патот на новата социјалдемократија е пат во постмодерното општество, општество втемелено во одржливиот развој, новите технологии, плурализмот во вредностите и интересите, нагласената социјална правда и грижа за човековите права.

Живееме во нов свет, свет во кој триумфира глобализацијата и наднационалното, свет во кој просторот и времето се "згуснуваат", националните граници почнуваат да ја губат својата примарна функција на разделување, протокот на идеи, луѓе, стока и пари, не познава никакви граници. Динамиката на глобалните промени се движи кон својот врв. Овие состојби, радикално, го стеснуваат просторот за придржување на класичната социјалдемократска линија, нагласувајќи ја потребата од преформулирање на нејзината доктрина, преку вградување на развојни елементи низ призмата на трендовите на глобализацијата. На светот во промени му се поребни нови идеи, нови политики. Ние силно веруваме во нашата способност, под променливи околности, да ги преточиме нашите основни вредности во конкретни политики и проекти во Република Македонија. Можеме да останеме вистински приврзани за

нашите идеали и вредности,  само ако имаме изградено чуство за реалност. Во денешниот свет, задачата на социјалдемократите е да ги мобилизираат сите свои расположиви потенцијали во развивањето на идејата на социјалната правда за дваесет и прviот век, да ја зајакнуваат демократијата наспроти индивидуализираниот економски интерес, да обезбедат потполна реализација на потенцијалите на општеството и луѓето, да ги вложат своите напори за остварување и помирување на социјалната благосостојба и кохезија со развојот на европските пазари и глобализацијата. Мораме да создадеме нови одговори на предизвиците на европеизацијата, на глобализацијата, и на социјалните, демографските и техничките промени.

Со формирањето на НСДП и нејзиното појавување на политичкиот простор, се наметна потребата за политичко легитимирање и борба за политичка идентификација, потреба да се изгради политичка и идеолошка препознатливост на социјалдемократијата во погледите на граѓаните на Република Македонија. Уште со почетокот на сопстевеното активно партиципирање во политичките процеси, НСДП се обиде да се претстави и наметне како фактор на зајакнување на институционалното влијание на маргинализираните и обесправените слоеви, да се легитимира како доминатен фактор во хоризонталната и вертикалната политичка и социјална мобилност. НСДП ја презема обврската за практично операционализирање и конкретизирање на новата социјалдемократска идеја низ еден реално опиплив резултат, кој ќе биде рефлексија како на реалната политичкаta сила така и на идеолошката профилираност.

Ширењето и развојот на демократските политички модели, интеграцијата на старите и новите европски и транзициски држави и општества, глобалниот пазар и социјалната држава, политичките и социјалните перспективи воопшто, ги генерираат предизвиците на новата социјалдемократија. Новите прашања и дилеми често бараат сложени разгледувања и квалитетни одговори, бараат и ново знаење. Иако нов политички субјект, НСДП е на пат да се потврди како добро

организирана партија, добро вкоренета во македонското општество, отворена спрема еден поширок круг на поединци и групи, отворена за иницијаиви и креативност, способна да го слушне гласот на народот. НСДП е партија на трудот и творештвото, на страна на заштитата на работниците, синдикланото здружување и вреднување на трудот. НСДП согласно карактеристиките на социјалдеморкатијата, мора да биде демократична, транспарентна и ефикасна, мора да има јасни политички и морални ставови за случувањата и појавите, важно е да покаже дека учеството во власта не го користи за лични придобивки. Од суштинско значење е да покажеме дека во нашите редови постои политичка сила која доследно ги негува вредностите кои произлегуваат од јавното добро, чесноста и солидарноста.

## 2. Нови принципи на политичкото делување

Со појавата на Нова социјалдемократска партија – НСДП, на македонската политичка сцена се промовираат нови принципи во пратиското организирање и делување. Обновената социјалдемократија и новото политичко организирање, изразено преку делувањето на НСДП, не познава бариери и ограничувања. Новиот политички персоналитет, за разлика од досега виденото, во новото политичко организирање и одлучување, ќе значи право на сопствено мислење, право на издвоено мислење, со инсистирање да биде прифатено по претходна аргументација. Некои тоа го нарекуваат и фракционерство, но во секој случај, подобро е да имате можност за отворени дебати, идеи и опции, и енергијата да се троши внатре во партијата, отколку затворени, автократски, или султан-партии.

### 2.1 Политички принципи

Нова социјалдемократска партија на македонската политичка сцена, заедно со новите принципи на политичкот делување, промовира и нов пристап во решавањето на политичките и економските прашања, кои се од приоритетна важност  за државата и општеството.

НСДП ќе соработува, врз основа на заемна корисност, со сродините и други партии во Република Македонија, како и со сродните партии во Европа и  во светот.

Делувањето на НСДП ќе се заснова во демократските принципи и почитувањето на индивидуалните ставови, кои се гарантирани со Статутот на НСДП.  Демократијата ја сфаќаме како динамичен процес кој ги балансира спротивставените интереси и ги амортизира општествените конфликти.

НСДП ќе гради нов вид на  врски помеѓу граѓаните и политичарите, свесни дека иднината на современата и функционална политика, ја носат политичари на кои им веруваат граѓани. НСДП ќе обезбеди поголемо учество на граѓаните во работата на партијата, стимулирајќи различни гледишта.

НСДП и нејзиното потесно раководство, ќе се промовираат повеќе како истражувачки центри или работилница, но не и како воен штаб. Убедени сме дека иднината на политичките партии, воопшто, почива на развивање на културата на дебатирање, дијалог и критичко просудување на работите, каде граѓаните ќе можат да помогнат во утврдувањето на националните приоритети, а не само политичарите или експертите да им кажуваат што е добро, а што лошо за нив.

Организационата поставеност отвора простор, во рамките на партиското делување, преку интересовните облици на организирање на членството, како што се комисиите, советите, организациите, активите, секциите, клубовите  и конференциите, свој придонес, по определени

прашања, да дадат и граѓани симпатизери или поддржувачи, кои не се членови на НСДП.

Нашиот пристап во решавањето на прашањата ќе содржи политичка и стручна компонента како вистински начин за осознавање и надминување на проблемите.

Со новата организациска поставеност и партиско делување во кадровската политика се обезбедува пропулзивност на кандидати со нагласени индивидуални квалитети, истовремено способни за тимска работа.

Членовите на раководствата на сите нивоа на организационата поставеност, можат да бидат лица од сите старосни, социјални, етнички и образовни категории.

НСДП, пред секои избори: локални, парламентарни и претседателски, ќе организира претходна, внатрепартиска проверка на своите кандидати, со цел да се дојде до најквалитетните и најприфатливи личности кај избирачкото тело.

НСДП, во однос на другите партии, ќе применува демократски методи и средства, заемно почитување и разбирање, соработка и припомош во остварувањето на базичните човекови права и слободи од една, односно остварување на стратегиските интереси на земјата, од друга страна. Убедени сме дека партија во која нема да владее внатре партиска демократија на подолги патеки, не може да дојде на власт, ниту пак да остане на власт.

## 2.2. Основни внатрепартиски принципи

НСДП, во својата внатрепартиска поставеност, промовира нови, современи принципи на делување. Најнапред, му овозможува на членството, слободно да го изразува и издвојува своето мислење. За

разлика од досега виденото кај останатите политички субјекти во Република Македонија, членовите на НСДП имаат, и ќе имаат, право да го издвојат своето мислење по определено прашање и да инсистираат другите да го прифатат по претходна аргументација. Доколку не успеваат како поедници да се изборат за својот став, односно мислење, членовите на НСДП ќе имаат право да инсистираат на свои приврзаници и внатрепартиска поддршка, по конкретно прашање.

НСДП, покрај овој принцип, се потпира и на следниве:

- полова, национална и конфесионална еднаквост на членството;
- непречено учество на сите членови на Партијата во нејзината работа;
- респект и толеранција кон различноста на погледите и ставовите, создавајќи кулутра на компромис, во смисла на одлучност кон барање консензус. На тој начин можеме да градиме доверба и меѓусебо разбирање;
- активност и дејствување во рамките на востановената процедура при донесувањето на решенија;
- редовно практикување на отчетност на раководителите на Партијата пред телата, членството, приврзаниците и симпатизерите.

## 3. Вредности кои нè обединуваат и обврзуваат

**Еднаквота**, **слободата**, **солидарноста**, **правдата, човековите права и слободи,** и **демократијата**, ја сочинуваат основната вредносна матрица на нашата социјалдемократска профилираност, која претставува клучна детерминанта на нашето ″движење″ низ политичкиот простор, не дозволувајќи нејзино заробување во прагматизмот испразнет од идеи. Овој вредносен склоп, се надополнува и со перцепцијата на човекот како суштетство со рационални капацитети и креативности,

способно за слобода и одговорност, носител на еднакви права и обврски. Еднаквата вредност и еднаквата слобода на сите човечки суштества ја сочинува основата на нашите општестевено-политички и социјални императиви и активности. Како социјалдемократска партија, НСДП посакува општество во кое сите ќе ги уживаат можностите да ја развијат сопствената личност и нивните вредности, во еден контекст во кој вредноста на личноста нема да биде зависна од дневно-политичката прагматичност.

Надоврзувајќи се на социјалдемократските вредносни императиви, своите политички и чивечки ресурси НСДП ќе ги насочи кон реафирмирање на хуманите вредности, кон зајакнување на партиципативното и демократско општество, кон промоцијата, заштитата и реализацијата на социјалните потреби и интереси на сите членови на заедницата, креирањето на комплементарен и интерактивен однос помеѓу индивидуалните, колективните и општествени, интереси и потреби. Формирање на компактна и функционална системска целина на неолиберални елементи(пазарниот либерализам, приватната сопственост, индивидуалната иницијатива) и нужнота од постигнување на највисоко можно ниво на социјална интеграција и кохезија, преку надминување на сите темелни нееднаквости(политички, социјални, економски).

Принципите на социјална правда, дигнитетот на човечкото суштество, толеранцијата и солидарноста, прифатени и поддржувани од Нас, нѐ обврзуваат да ја вложиме сета наша енергија и знаење во заштита на личноста од сите форми на експлоатација и понижување(заштита на дигнитетот на личноста), нѐ обврзуваат да се бориме за приоритетот на социјалната правда во политичкиот и економскиот живот.

Се стремиме, со вредностите на социјалдемократијата да го окарактиризираме општеството како целина на заемните односи помеѓу луѓето. Нашата крајна цел е општество без класни и статусни разлики, сексуална сегрегација и етнички поделби, општество без предрасуди и

дискриминација, општество каде секој има исти права и вредност, каде сите деца ќе можат слободно и независно да израснат, каде секој ќе може да си ги води сопствените работи, и во еднаква и солидарна соработка да работат за социјалните солуции кои служат на најдобро заедницата.

Оваа наша вредносна позициниораност, не обврзува кон активно креирање на политики и нивно адекватно операцинализирање, насочени кон:

- интензивирање на економскиот развој и негово комбинирање со поголема имплементација на социјалните права;
- зајакнување на политичкиот сензибилитет кај сите релевантни субјекти, за социјалните проблеми. Сензибилитет, кој треба да ја катализира социјалната еманципација на сите општествени слоеви и групи, независно од нивната етничка, религиозна, културна, социјална или која било друга припадност;
- проширување на демократијата во економскиот простор, односно зајакнување на соодлучувањето во стопанството, што подразбира зајакнување на јавната контрола над економските активности, пред сѐ, преку зајакнување на работничката (синдикална) партиципација во стопанството. Со еден збор, зајакнување на позициите на работниците во економските и политичките процеси;
- издигнување на работниците во реален субјект на социјалните промени;
- градење функционален систем на политичко легитимирање преку системот на социјални услуги, што предусловува зајкнување на позициите на работниците преку изнаоѓање на модалитети на стопанско соодлучување, како на микро ниво(на ниво на стопански субјект- индустрија, фирма и сл.), така и на макро ниво(национално), притоа, имплицирајќи на политичко анимирање на припадниците на средните(работнички) слоеви, во креирањето и спроведувањето на социјалните политики;

- ситемско соочување со еколошките прашања, односно градење на општество кое ќе биде способно да преживее во еколошка смисла. Тоа ја наметнува потребата да се изнајде компромис помеѓу економскиот развој и заштитата на животната средина. Во оваа насока, НСДП ќе се насочи кон актуелизирање на еколошкото размислување во креирањето и спроведувањето на економските и инвестициски планови и рационализирање на стопанскиот раст, со цел постигнување на едно еколошки одрживо општество.

### 3.1. Слобода

Ниту еден човек не живее комплетно независно од другите луѓе, изолиран во сопствената егзистенција, туку напротив тој е социјално битие, дел од едно множество на заемно условувани интеракции во општеството. Тековите на животот ја наметнуваат потребата за градење на колективни солуции, кои се предуслов за слободата на индивидуата и можноста за управувањето на неговиот сопствен живот. Овде е потребно да се земе предвид социјалниот контекст во кој индивидуалната слобода се операционализира. Социјалдемократскиот концепт за слободата се фокусира  на слободата за повеќе луѓе, како реакција на недостатокот на слобода и сила, која луѓето ги потчинува кога одлуките за нивните животни услови се донесуваат од гледиште на други, со сопстевена интересна позицинираност. Социјалдемократијата беше, и сè уште е, барање за слобода  од репресија и понижување, од глад и незнаење, од страв за невработеност, болест и старост, како и барање на слобода за активна партиципација и заемно одлучување, за персоналниот развој и можност да се влијае на општеството, кое ги детерминира индивидуалниот живот и иднина. Како социјалдемократи, потребно е да го пронајдеме патот преку кој слободата на индивидуата ќе биде реализирана во општеството, на коешто сите му припаѓаме. При креирањето и реализирањето на нашите политики, не смееме да заборавиме дека заштитата и реализацијата на слободата за сите

граѓани, подразбира воспоставување континуиран баланс помеѓу интересите на различните групи и индивидуите.

Цивилните права и привилегии, универзалното и еднакво право на глас, слободата на мислата и религијата, слободата на говорот и слободата на здружувањето и движењето, дисперзираноста и диверзитетот на културните практики(вредности, културното изразување) се неопходни, основни предуслови за слобода, но тие сами не се доволни. Економските и социјалните разлики креираат различни услови во кои граѓаните  ги уживаат овие слободи, директно одразувајќи се и врз реалните можности на луѓето да ги контролираат нивните сопствени животи. Реалната слобода за партиципација и развој претпоставува луѓето да се ослободени од економските, социјалните и културни хендикепи,  од зависноста од подвоените и економско моќни групи, кои се вон контролата на демократијата. Слободата се однесува на индивидуалните права и привилегии, на социјалните структури коишто на индивидуите им отвораат реални можности да растат и се развиваат, да партиципираат во работата на нивната заедница, под еднакви услови со сите останати.

НСДП, како социјалдемократски политички субјект, е партија и движење на слободни луѓе. Без слободата на индивидуата и изградено чуство на социјално одговорна самодетерминација, либерално-демократското општество не е возможно. Слободата значи не само слобода од принуда, туку пред сè, слобода да се обликува сопствениот живот. Само ако луѓето имаат пристап до јавните добра, како образованието и информациите и уживаат доволна материјална сигурност, тогаш се во позиција да водат слободна егзистенција. Слободата без одогворност не постои, **кој има права има и одговорност**.

### 3.2. Еднаквост

Еднаквоста не подразбира и униформност. Секој човек има соптвена вредност како индивидуа, секој има сопствени услови, потенцијали и наклонетости за развој, секој има сопствени соништа за сопствениот живот и замисли за сопствената иднина. И сите ние сме членови на општеството. Формацијата и развојот на општеството ги определуваат можностите, кои ние како индивидуи ги имаме, кога доаѓаме во ситуација да ги реализираме нашите потенцијали и соништа за иднината.

Политичкиот императив на еднаквоста е содржан во идеалот на рамноправно граѓанство, каде сите имаат еднакви граѓански права, независно од можностите, постигнувањата, околностите и идентитетот. Еднаквоста подразбира општетсвото да се посматра како колективен поредок, во кое сите индивидуи се третираат како рамноправни, со еднаква положба и статус.

Одразувајќи ја идејата за еднаквата вредност на индивидуите, еднаквоста непосредно се надоврзува на еднаквото право на секој еден да го контролира сопствениот живот и да остварува влијание врз општеството во коешто живее. Еднаквоста не подразбира дека секој мора сопственото однесување и живеење да го моделира на ист начин. Наспроти ова, барањето за еднаквост е барање за плуралитет, луѓето мораат да бидат слободни да ги прават своите различни избори и да го развиваат сопствениот идентитет, без да бидат ограничени од одредена доминантна идеја за тоа како би требало да се однесуваат.

Низ перспектива на еднаквоста, надополнета со политичката демократија, мораме да го вложиме севкупното наше знаење и енергија во креирање на еднаква можност сите граѓани да бидат вклучени во креирањето и донесувањето на одлуките кои го детерминираат севкупниот социјален развој, и преку реализирањете, ги дефинираат непосредните услови на живеење на секоја индивидуа. Универзалното и еднакво право на глас, не е само барање за слобода, туку тоа е, исто

така и барање за еднаквост. Но оваа формално втемелена еднаквост не е доволна да се создадат еднакви и реални ресурси за остварување на влијание на граѓаните врз општествени текови и врз сопственото опкружување. Императивот на еднаквоста, ја обврзува НСДП да бара солуции и решенија, да креира политики, да создава проекти, преку чие практично операционализирање ќе им го отвори пристапот на граѓаните до ресурсите на моќ.

Знаењето припаѓа на најзначајните индивидуални ресурси на моќта, кое што непосредно ја одредува индивидуалната позиционираност на пазарот на труд, кое ги детерминира можностите за личен развој. Поради оваа причина, образованието, со добар квалитет и во доволен обем, мора да биде право за сите, независно од расположивите индивидуални економски ресурси и социјална положба.

Здравјето е исто така еден важен индивидуален ресурс. Согласно со ова, здраствената грижа, со добар квалитет и во доволен обем, мора да биде право за сите. Поради ова, луѓето треба да бидат способни да остваруваат влијане во изборот на нивните работни места, да бидат во позиција да ги обликуваат условите на работа, сè со цел да се избегнат ситуации во кои тие би работеле нешто што негативно би се одразувало врз нивното здравје.

Личниот развој, личното остварување и самопотврдување, не можат да се постигнат доколку ја запоставиме духовната и културна страна на нашите животи. НСДП се залага за обезбедување на еднакви можности за учество во културниот живот, независно од социјалната и политичка позадина.

Економската и социјалната безбедност, исто така, се ресурси на моќта. Луѓето кои ќе се најдат себеси во позиција на економска зависност од други, тогаш тие се оневозможени да го промовираат сопствениот интерес. Оние, кои што имаат едвај доволно за да живеат, кои се постојано загрижени за болестите и невработеноста, имаат мали или, пак, немаат никакви шанси за персонален развој. Основата на

социјалната сигурност е луѓето да имаат работа која ќе им овозможи приходи, од кои тие и нивните семејства ќе можат пристојно да живеат. Од овој аспект, економската заштита во случај на невработеност и старост, е битен сегмент во давањето на власт на луѓето над нивните сопствени животи.

Она што може политиката на еднаквоста да креира, се механизми кои, преку сопственат функционалност, ќе создадат максимална општествена вклученост, во сите сфери, на сите индивидуи и групи, резултирајќи во позитивен ефект врз јавниот простор и максимално редуцирање на недоброволната исклученост од општествено-политичкиот и економски живот.

Нашата вредносна вкоренетост во еднаквоста, нè обврзува да изградиме јасна стратегија која ќе доведе до намалување на нееднаквоста, надминување на економската исклученост, масовната невработеност, како и општествената фрагментација(поларизацијата и маргинализацијата на општествените слоеви).

Еднаквоста го инволвира и правото да се биде различен .

Еднаквоста е многу важен предуслов за слободата, **само во еднакво општество секој има можност да биде слободен**.

### 3.3. Солидарност

Човечкото битие, во голем мерка е рефлексија на социјалните процеси, и како такво има развиено чувство на заемно припаѓање, чувство фокусирано на нашата одговорност и нашата зависност од секој еден. Градејќи го сопственото искуство преку соработка со другите луѓе, ние се развиваме како индивидуи, ги развиваме и реализираме сопствените емоционални и интелектуални потенцијали. Преку соработката, ние го градиме општеството, ги обликуваме условите на нашите индивидуални животи. Оваа заемна меѓузависност го прави

заемното почитување и респект, низ морална перспектива, неопходно, формирајќи ја суштината на солидарноста. Солидарноста значи компактност, зацврстеност, истрајност. Во раните денови на работничкото движење, солдарноста беше прашање на држење заедно, кое произлегуваше од убедувањето дека општеството може да биде променето само преку заедничкото работење. Солидарноста ја изразува подготвеноста на луѓето и групите да си помагаат едни на други. Тоа во себе го вклучува и градењето на заштитнички односи кон послабите членови на општеството, но исто така и спремноста на секој еден активно да се бори за заедницата. Само заедница, чии членови се спремни и волни активно да се ангажираат во градењето солидарни односи, ќе биде во можност да се соочи со идните предизвици.

Правото на добра медицинска заштита, независно од приходите, е основно барање на солидарноста и благосостојбата. Ако сакаме тоа да биде вистинско право за сите, ние мораме, во солидарност, да го финансираме. Ова е форма на помош, од оние кои се со добро здравје кон оние кои се болни или повредени, но во исто време осигурувајќи се дека ќе добиеме помош, доколку, бидеме на удар на болест или несреќа. Солидарното финансирање на здраствениот системот овозможува безбедност за индивидуите и еднаквост помеѓу индивидуите.

Врската помеѓу солидарноста и социјалната безбедност на индивидуите, во системот на социјална заштита и осигурување, е особено силна. На пример, семјествата кои се наоѓаат во материјални и егзистенцијална несигурност, примаат помош преку даночниот систем, финансиран од страна на сите даночни обврзници, вклучувајќи ги и оние семејства материјално осигурани. На овој начин сите ние го даваме својот придонес во градењето на социјалната сигурност на сите граѓани.

Солидарноста е многу повеќе од колективен интерес. Само со слободата и еднаквоста, концептот на солидарноста има морална содржина. Солидарноста не ги исклучува индивидуалните напори за развој на сопствените персонални можности и потреби. Но, таа е во директна спротивност на егоизмот, којшто дозволува експлоатација на

другите за лични предности и корист. Низ овој аспект, солидарноста е еден од предусловите за еднаквоста и унапредувањето на општествената стабилност и кохезија во Република Македонија.

### 3.4. Човекови права и слободи

Човековите права и слободи ги гледаме како производ на развојот на вредносниот систем на човештвото, кака збир на хумани елементи од една голема низа на морални, религиозни, филозофски, политички и правни учења. Како универзално прифатен систем на вредности од најголем број култури, народи и нации, тие претставуваат мерило на цивилизацискиот развој. Човековите права и слободи, зацртани во Универзалната декларација за човековите права и во меѓународните конвенции за правата на човекот, ги прифаќаме како единствено легитимни стандарди за човековите права, и сите тие треба да поседуваат уставни и законски гаранции за сити луѓе, независно од религијата, културата, етничката припадност или социјалното потекло.

Хуманта димензија на социјалдемократијата, нејзиниот придонес во развојот и продлабочувањето на концептот на човековите права и слободи, морално нѐ обврзува да ги прифатиме како принципи и стандарди во нашето политичко делување, бидејќи, покрај нивната универзалност, тие се заштитени и остварени само во рамките на конкретна држава. НСДП се обврзува, во Република Македонија, согласно своите можности да ги промовира, почитува, конкретизира и заштитува, следниве групи права:

**Граѓанските и политичките права**, насочени кон проширување на обемот на слободата на човекот, на неговото ослободување од притисоците и контролата на државата, создавајќи можности за активно вклучување во управувањето со истата. Јадрото на овие права, се состои од правото на живот, независноста на судската власт, правото на ефективни правни лекови, правото на фер судење, слободата и

сигурноста на личноста, слободата на мислата и изразувањето, слободата на здружувањето, слободни и фер избор, правото на учество во управувањето и општествениот живот и други права кои овозможуваат ослободување на човекот од сите притисоци.

**Економските, социјалните и културните права**, ориентирани кон заштита на човекот од економските и социјални ризици. Тие ја создаваат обврската на државата да овозможи егзистенција на човекот, соодветен стандард на живеење, вработување, заштита при работа, социјална и здравствена заштита, реализирање на правото на работа, еднаква надокнада за еднаква работа, соодветни услови на работното место, право на синдикално здружување и делување, стандард на семејството, храна, соодвента медицинска заштита, социјална сигурност, образование, култура и наука.

НСДП ги прифаќа и колективните или солидарни права, за чие остварување се потребни соработка и ангажирање во меѓународни рамки, како што се правото на мир, правото на развој, правото на здрава животна средина.

Почитувањето на човековите права и слободи, нивната заштита, не смее да биде условено од личните карактеристики, предности или недостатоци, кои индвидуите ги имаат, од припадноста на одредена група, заедница, култура, или придонесот кој го даваат кон општеството. Универзалната димензија, односно, исклучувањето на можноста за поставување на какви било ограничувања на важењето на правата по која било основа, во кое било време или ситуација мора да биде уважувано. Правата и слободите не се даваат и не се земаат, тие му припаѓаат на човекот од моментот на раѓањето.

Заштита на човековите права и слободи, подразбира создавање на механизми, структури и системи од санкции, кои треба да го обезбедат нивното непречено остварување, да го спречат нивното ограничување и да го казнат прекршувањето. Превенцијата на повредувањето на правата и слободите, се надополнува на заштита, и

таа подразбира градење системи, имплементирање мерки и спроведвање на активности кои треба да го спречат прекршувањето и ограничувањета во имплементацијата на човековите права и слободи. Покрај заложбите за зашатита и превентивно делување за човековите права и слободи во Република Македонија, НСДП активно се вклучи во промовирањето на човековите права, во едукацијата на граѓаните за правата и слободите кои ги имаат, начините како да ги остварат и заштитат.

### 3.5. Правда

Правдата го наметнува барањето секој, без разлика на неговото потекло, пол, генерациска или културна припадност, да ги ужива условите и средствата за самоодговорен и самоопределен живот. Реализирањето на правдата е предусловено од остварувањето на максималното можно ниво на фер дистрибуција на социјалното богатство, кое стреми кон подобрување на можностите за партиципација(еднаквост на можностите) и животните шанси, за секого во нашето општество. Независно од индивидуалните заложби и придонеси кон општеството, НСДП ќе настојува еднаквата вредност и слобода да бидат обезбедени за секого.

Економската правда е неоходен дел на социјалната правда. Економската правда е во релација со институциите кои се поврзани со продукцијата(производството), потрошувачката и дистрибуцијата на економските добра и услуги. Прифаќајќи ги принципите на економската правда, партиципацијата и дистрибуцијата, преку организирани заложби за трансформирање на сите неправедни институции, НСДП ќе вложи енергија за реставрација на балансот помеѓу партиципацијата и дистрибуцијата.

Како модерна политичка партија, градена на современите традиции на социјалдемократијата, ги прифаќаме приоритетите на социјалната правда во дваесет и првиот век, и тоа:

1. Борбата против сиромаштијата, насочена не само против економската нееднаквост сама по себе, туку во основите на сиромаштијата, кои ги ограничуваат капацитетите на индивидуите за автономија и самодоверба. 2. Создавањето на највисоко можни стандарди за образование и тренинг, втемелени во еднаквоста и фер пристапот за сите.

3. Обезбедување на вработување за сите кои се спремни и способни да бидат дел од општествено корисниот труд.

4. Градење држава на благосостојба, која овозможува заштита на дигнитетот на личноста, односно, заштита од сите форми на експлоатација и понижување.

5. Пристап кон културните добра и можност за нивно градење и надградување.

6. Ограничување на нееднаквоста во приходите и богатството, ако тие ја ограничуваат реализацијата на првите пет цели или ја доведуваат во прашање кохезијата на општеството.

### 3.6. Демократија

Демократијата значи повеќе отколку популистичко владеење. Терминот, примарно, се употребува за да се опише општествено-политички поредок каде што сите полнолетни граѓани имаат право да партиципираат во процесот на донесување на политички одлуки, односно да поставуваат прашања, формираат мислење, да се обидат да обезбедат поддршка за своите идеи, да гласаат на изборите. Во исто време, само демократското општество може да ги направи слободата,

еднаквоста и солидарноста реалност. Демократијата како идеал мора да го исполни општествениот живот во целина – политички, економски, социјален и културен.

Ние сме обединети околу нашиот заеднички став кон демократијата, од каде ја црпиме енергијата во нашите заложби за градење на партиципативно демократско општество, општество до кое се стигнува преку афирмација на хуманите вредности и сфаќањето на демократијата како сет од правила за заемна соработка и коегзистенција во општеството или, пак, како јавен договор кој ги задоволува интересите на мнозинствата и малцинствата, договор кој ги обврзува сите членови на општеството.

За да билеме во можност да зборуваме за демократија, мораат да бидат запознаени и почитувани неколку основни конституционални барања:

- универзални и со еднакво право на глас, слободни избори;
- слобода на мислењето(која што ја вклучува религиозната слобода);
- слобода на изразувањето и слобода на печатот;
- право на приклучување на политички и синдикални организации;
- право да се формираат политички партии и да се учествува на изборите.

Доколку еден од овие елементи не биде почитуван, не можеме да зборуваме за демократија. Но и покрај ова, сепак, тие не се доволна гаранција за функционирањето на демократијата во реалноста. Во практиката не е тешко да се види дека економските и/или социјалните фактори можат да ги ослабнат фромално втемелените демократски права. Несигурниот пазар на труд, каде што многу луѓе се загрижени за нивните работни места, може да ја загуши дебатата и да води кон состојба, во која многумина би се почуствувале несигурни при изразувањето на своите различни и критички погледи. Поради оваа

причина, НСДП се придржува кон вистинското функционирање на демократијата, функционирање кое бара еднаквост, низ перспективата која ја имаме претходно утврдено. Големите економски и социјални поделби во општеството ја ослабуваат демократијата, ако не формално, тогаш во реалноста ги ослабуваат можностите на граѓаните да партиципираат во политичкиот процес, под еднакви услови, односно, некои ќе имаат бескрајно поголеми можности, отколку други да ги афирмираат сопствените специјализирани побарувања кон општеството. Потребата за заштитата на демократијата, нејзините принципи и вредности, бара решително да ги осигураме нејзините услови, како што се слободата на изразување, слободата на печатот и регуларните слободни избори.

Реалната закана за демократските перформанси на едно општество, вклучувајќи го и македонското, денес, не доаѓа од тоталитарни политички движења, како што беше случај претходно. Потенцијалната закана, своите корени ги има во глобализираната, а во исто време и централизирана, финасиска моќ, која барајќи и штитејќи ги сопствените интереси, станува сè помоќна. Во констелација на односите од вој тип, можеме да препознаме двојна закана. И тоа, од една страна, ситуација кога тесни, интересно засновани групи ќе започнат да акумулираат моќ и средстава, преку кои ќе остваруваат влијание над голем број граѓани, доведувајќи ги во позиција, од која самите за себе, за сосптвените животи, нема да можат да направат ништо. На друга страна, консеквенците од овие процеси, ќе резултираат во растечки социјални поделби и исклучености од секаков вид, состојба која, сама посебе, закануважки делува на демократијата и социјалната стабилност. Повторното стекнување простор на политичко маневрирање за демократските институции, пред налетот на глобалните, финансиски групи, е одлучувачко прашање во нашето време.

Демократијата е колективен процес во кој граѓаните одлучуваат за работи од заеднички интерес. Има многу делови од животот на индивидуите, кои се условени од страна на начинот на кој општеството е

организирано. Поради оваа причина, ние никогаш нема да ги избегнуваме прашањата поврзани со демократските процеси, нема да ја избегнуваме нивната колективна димензија, независно од тоа, колку многу сакаме индивидуализмот и индивидуалната одговорност да бидат дел од нашите животи.

Демократијата не може да биде дефинирана како право да се прави она што ќе се посака. Демократијата е право да бидеш вклучен и да практикуваш влијание, но не да се диктираат одлуките според сопствените идеи и интереси, таа бара почитување на одлуките коишто се донесени, и кога овие одлуки не соодветствуваат на нашите желби и интереси.

Опсегот на демократијата може да биде определуван само од самата демократија. Моќта во општеството мора да ги има сопствените извори во сите оние, поединци и групи, кои го формираат општеството, а не да произлегува од наводното природно право да се нагласува разликата помеѓу политиките и пазарот. Човековите права се тие кои ја поставуваат границата против кои политичките одлуки не можат да постапуваат, но во исто време, демократијата е оној поредок кој може да ги сочува овие права.

Дисперзијата и децентрализацијата на моќта во општеството е најсигурниот темел на демократијата, наспроти концентрацијата, која акумулира заканувачки потенцијали. Мора да постојат реални можности за практикување на демократијата на многу начини, на различни нивоа и во многу области, сите независни едни од други. Постоењето на демократски амбиент, бара луѓето да бидат во можност да влијаат врз социјалните промени во целина, како и врз функционирањето на социјалните и политичките институци, со кои се среќаваат во секојдневниот живот. НСДП ќе ги гради демократските процеси врз моќта на граѓаните, нивната спремност и желба за социјално вклучување и делување, врз потребата да бидат креативни, да го зголемуваат знаењето и персоналните одговорности. Оваа потенцијална сила не може да биде целосно ослободена од страна на комерцијализираната

моќ или, пак, од страна на бирократските јавни тела, туку само од страна на самите луѓе. **Демократијата претпоставува активни граѓани.**

Прифаќајќи ги правата и одговорностие, како елементи на демократските процеси, НСДП ги вреднува и фаворизира:

- приоритетот на човековите права и слободи во сите сфери;
- легислативата и процедурите кои го регулираат самовладеењето на граѓаните и општеството;
- одговорноста и обврзаноста на граѓаните да се придржуваат на правилата и процедурите на демократијата, затоа што тие се резултат на одлука усвоена од страна на јавноста, по пат на слободни избори;
- активната улога на граѓаните во процесите на донесување одлуки, базирани на принципите на децентрализација и самовладеење, како и партиципацијата на вработените во менаџментот на претпријатијата;
- кооперативноста помеѓу личноста, општеството и државата;
- правото на заедниците слободно да се развиваат, негувањето на различноста во културите и погледите, мултиетничноста и мултикултурноста;
- јавен пристап до информациите, базирани на сигурни податоци;

- слободен и одговорен печат, добро информирани и образовани граѓани.

НСДП е подготвана да ја преземе обврската и одговорноста за продолжување и зајкнување на стремежите за политичка и економска демократија, притоа не заборавајќи ја нејзината социјална димензија.

### 3.6.1. Политичка демократија

Согласно карактеристиките и сопстевените интереси, луѓето се обеденуваат во различни политички партии, синдикати, културни заедници и јавни организации. Ние, како политичка партија, веруваме дека демократијата се потпира на активните граѓаните кои ја препознаваат сопствената обврска за активна политичка улога.

НСДП е обврзана, сопствените потенцијали да ги насочи кон надминување на сите околности кои ја фаворизираат и олеснуваат акумулацијата на моќта и богатството во рацете на политичките и бизнис елити, групите кои ги охрабруваат и поддржуваат корупцијата и корпоративните интереси. Вистинската демократија го носи сосебе разбирањето дека почитувањето на правата и слободите на индивидуите, никогаш не може да биде "подарок" од државата, тоа е природна состојба на животот. Професионалните, социјалните и културните заедници, во демократски амбиент, ги засноваат своите активности на принципот "дозволено е сè, освен забранетото."

Во контекстот на јакнењето на демократијата и нејзиното проширување и продлабочување, сакаме да ја истакнеме определба на НСДП за барање на модели за воспоставување на подиректни релации и контакти помеѓу граѓаните и властите, како јакнењето на локалната демократија, како додаток на постојните гласачки механизми, кои ќе овозможат директно вклучување на јавноста во креирањето на политиката.

НСДП силно ја брани демократијата и цивилното општество во Република Македонија. Поради ова, ние ќе се придржуваме на следниве принципи:

- ни еден правен акт не може да ја прекрши правната заштита на граѓаните, која што е загарнтирана од страна на Уставот;

- државата не смее да владее во сферите каде општеството, односно граѓаните или нивните асоцијации и здруженија, можат да постапуваат независно;
- активностите на јавните авторитети мораат, конкретно, да бидат регулирани со административни процедури и регулативи;
- влијанието на власта над општеството, е дозволено само при постоење на паралелна контрола на општеството над власта, при загарантирана правна проценка на акциите на секоја власт;
- локалните власти мораат да креираат услови граѓаните да одлучуваат за работите кои непосредно ги засегнуваат нивните секојдневни животи;
- децентрализираната администрација за јавните работи, мора да ја осигура поделбата на функциите и заемната интеракција помеѓу Владата и општините;

### 3.6.2. Економска демократија

Социјалдемократските барања во областа на еконмскиот живот, обично се сублимирани под насловот економска демократија. Економската демократија е прашање на сите различни начини на креирање на влијание и коодлучување во производството и работниот живот, начин на демократско втемелување и легитимирање на економските процеси. Еден многу значаен дел на економската демократија, е влијанието кое работниците го остваруваат, односно не го остваруваат над организацијата и условите за работа, како и врз дистрибуцијата на производите од нивниот труд. Но, исто така, влијанието на потрошувачите и заштитата на нивните интереси, е дел од економската демократија. Влијанието на граѓаните врз овие делови од животот, е од голема важност за социјалните односи во целина. Економската демократија, поради тоа, мора да биде практикувана "на многу нивоа и во различни форми" и да се проткајува во сите нашти политички проекти и програми.

На едно ниво, тоа е прашањето на политичкото, цивилно влијание. Ова ги открива барањата за економски инструменти на котрола, потребата за одредени типови легеслатива за работното опкружување, за коодлучување, за управување со безбедноста на производството. Економската демократија, втемелена само на социјалната регулатива, не може да се развие во сите свои перспективи, доколку не е надополнета и со контролата, спроведувана од страна на јавните авторитети. Тоа е, исто така, прашање и на персоналните можности на луѓето, кое во себе ги вклучува примената на влијание и преземањето на одговорноста, индивидуално и во групи, како работници и како потрошувачи. Влијанието на работниците, во некои области, мора да биде спроведувано организирано и групно, преку синдикалните организации, бидеќи станува збор за заеднички интерес и за акација којашто ја зајакнува преговарачка сила на работниците, тоа мора да биде силно охрабрувано и поддржувано.

Но, од друга страна, подеднакво важно прашање е и тоа, како индивидуата на своето работно место може да ги развие и прошири можностите за развој, слобода и влијание врз условите на сопственото работно место. Согласно  социјалдемократскиот поглед, работниот живот мора да биде организиран на таков начин, да секој еден или една, независно од позицијата позиција, мора да има можности и средства да остварува влијание врз сопственото работно место, да се развива и да има простор за градење кариера во текот на сопствениот работен живот. Во рамките на економскиот поредок, за да се реализирале овие цели, потребно е да се понудат групни заложби преку синдикалните организации.

Економската демократија е една сложена идеја, но таа ја изразува класичната идеја на работничкото движење: економскиот живот не смее да биде контролиран од страна на тесните интереси на претприемачите, тоа е прашање на взаемна игра помеѓу различни групи, кои се засегнати од негова страна. Желбите за регулирање на економските активности,

треба да се насочат кон стеснување на просторот, кој на пазарот му отвора можности за зголемување на социјалните неправди.

Демократското општество секогаш располага со најважното, со можноста да ги формулира условите и рамката на економскиот живот, тоа го има легитимното право секогаш да ги променува условите и формите, доколку некој од модалитетите на функцинирање и организирање на економските интереси во општеството не ги исполнуваат важните јавни интереси. Економскиот интерес не поседува легитимно право, втемелено на јавниот интерес, да поставува ограничувања за демократијата, наспроти ова, демократијата ги определува границите на пазарот и економските интереси. Како социјалдемократи, го отфрламе развојот на општеството каде што пазарот и капиталот доминираат и ги комерцијализираат социјалните и културните односи помеѓу луѓето. Нормите на пазарот не смеат никогаш да ја определуваат вредноста на луѓето, ниту, пак, да ги дефинираат нормите на социјалниот и културниот живот.

Демократијата мора да биде комбинирана со ефикасноста и ефективноста во економскиот живот, поради јавната благосостојба. Искуството покажува дека ефикасноста и продуктивноста бараат отвореност и разноликост, што е условено од директното влијание од страна на делот на потрошувачите. Надополнето со постоењето на работен живот, втемелен на почитувањето на вештините, идеите и вклученоста на вработените, како и постоење на можности граѓаните да ги стартуваат сопствените бизниси. Политичките одлуки мора да обезбедат правила кои ќе превенираат од сите форми на експлоатација, кои ќе го гарантираат економскиот баланс и ќе обезбедат дистрибуција на продуктите на производството, на начин кој ќе ги задоволува фундаменталните социјални права.

## 4. Социјална држава

Социјалната димензија, во перформансите на државата е еден од клучните индикатори на нејзината развиеност. Социјаланата одговорност, солидарноста и еднаквоста на граѓаните во пристапот до општествените добра, претпоставува изградба на функционална мрежа на социјална сигурност за сите ризици на современото општество. Како политичка партија, која се надградува на современите трендови во социјалдемократијата, сакаме да изградиме држава на благосостојбата, односно социјална држава која ќе понуди најдобар квалитет на животот за секого, независно од социјалната, економската или културната позадина, држава која ќе се темели на афирмирање на трудот и творештвото, уважување на улогата на капиталот, но и на висока стапка на солидарност со обесправените во општеството.

Секоја социјална држава е базирана на едноставната, но брилијантна, идеја за еднаквата вредност на сите индивидуи. Секој го има правото за добар почеток во животот. Ние сакаме развиена и квалитетна детска грижа, со модерна педагогија, ние сакаме училишта каде децата се чувствуваат сигурни и имаат мир да учат. На секој мора да му биде дадедна можност да ги развива сопствените знаења и вештини, да има шанси да влезе во високото образование. Се залагаме за унапредување на активните политики на пазарот на труд, кои ќе ја зајакнат транзиционата сигурност, како на вработените од едно работно место на друго, така и на транзицијата од невработеност кон работна ангажираност. Ние сакаме јавни здраствени услуги и добро здравстевно осигурување, надополнето со сигурен пензиски систем и добра грижа за старите лица.

Во креирањето на социјалната димензија на нашите политики, како социјална рамка го имаме прифатено европскиот социјален модел, кој тежнее, како и ние, да ги направи следниве работи за граѓаните:

- задоволување на материјалните основни потреби;
- осигурување на социјална партиципација и
- јакнење на социјалната кохезија.

### 4.1. Политики на благосостојба

Политиките на балгосостојба, врамени во социјалдемократската идеја, претствуваат манифестација во општествениот живот на основните принципи на слобода, еднаквост и солидарност. Овие политики, своите корени ги влечат од перцепцијата на општеството како нешто што го градиме заедно, тие овозможуваат права, но исто така создаваат и побарувања. Идејата која стои зад политиката на благосотојба, односно социјалната политика, а која ние ја прифаќаме, е едноставна: Кога секој поединец има бенефиции од реформите, тогаш, исто така, секој поединечно ќе биде заинтересиран да се приклучи кон нивно финансирање. Кога секој поединец ќе биде инволвиран во нивното финансирање, тогаш ќе располагаме со ресурси за добар квалитет на социјалните услуги и системот на социјално осигурување. Ова е нешто од кое групите со слаба економска позиција бенифетираат.

Политиките на благосостојба ги вклучуваат сите, не само луѓето со ниски приходи. Секој поединец ги споделува правата и обврските, секој еден е вклучен под еднакви услови. Универзалноста на оваа политика се состои во она што граѓаните си го понудуваат едни на други, во духот на солидарноста.

Политиката на благосостојба се занимава со економската сигурност, како и со фер дистрибуцијата на животните можности, со овозможувањето услови за избор на различни патеки во животот. Секој мора да има право да работи и секој мора да има право да се развива на сопственото работно место. Секој мора да има право на сигурност во совоето детство и во сопствениот развој. Сите деца и млади луѓе мораат да имаат право да растат во свет ослободен од дрога и насилство.

Образованието, социјалната грижа и здравјето, ја играат централната улога во редистрибуцијата на можностите во животот. Нееднаквите можности за образование, социјална грижа и здравје, се наследество и производ на нееднаквите можности за персонален развој, во социјалниот живот и на пазарот на труд. Како дел од политиките на еднаквоста, еднаквиот и сигурен пристап до овие услуги, го зајакнува квалитетот на животот на секој. Дистрибуцијата на овие бенефити, никогаш не смее да биде препуштена на ценовните механизми на пазарот, обезбедувањето со овие бенефити никогаш не смее да биде детерминирано од страна на индивидуалните интереси и профитот. Образованието, социјалната грижа и здравјето, мора да бидат финансирани преку даночниот систем и тоа во духот на солидарноста. Способноста на општеството да понуди образование, социјална грижа и здравје, е неопходен услов за одржувањето на фундаменталните принципи на квалитет и редистрибуција, согласно потребите.

Луѓето се различни, со различни потреби и услови. Согласно на ова, се бараат различни педагошки методи, различни форми на здраствена грижа и алтернативи во медицинска грижа. Мора да постојат можности за избор помеѓу алтернативни форми на социјалн грижа, образование, култура и здравствени услуги.

Плуралитетот и варијациите во организационите форми се важни, од гледна точка на еднаквоста и благосостојбата. Една од главните задачи на јавниот сектор е да ги развива алтернативите на услугите, во насока на излегување во пресрет на потребите и желбите на граѓаните. Но, кооперативните и индивидуални алтернативи, исто така, може да играат улога. Пристапот на граѓаните до благосостојбата, не смее да биде детерминиран од страна на профитните мотиви на бизнис-елитите и компаниите.

Јавно финансираните услуги мора да им излезат во пресрет на високите барања за добри работни услови, на можноста да се практикува влијание и развој во работата. Во рамките на јавниот сектор, како и во различните приватни алтернативи, независноста и

креативноста мора да бидат стимулирани. Услугите мора да бидат окарактеризирани со отвореност и со можности за проникливост. Даночните пари се ограничен ресурс, никогаш не доволен за исполнување на сите барања. Ограниченоста ја наметнува неопходноста за балансирање на различните барања, едени наспроти други, земајќи ги предвид најважните, барањата за правда и еднаквост од висок квалитет за секого. Овој баланс на интересите мора да биде направен преку еден демократски процес, на кој секој поединец ќе може да влијае. Можностите за финансиска поддршка на приватните алтернативи, не можат да бидат направени како автоматско функционирачко правило, кое би го заменило овој демократски процес.

Станбената политика, покрај социјалната грижа, образованието и здравјето, е неопходен дел од политиката на благосостојба. Домот е социјално право, кое ја создава одговорноста на општеството да го гарантира станбеното обезбедување.

Интегрален дел на политиките на благосостојба, во поширок поглед, се исто така проширените мерки за заштита од повреди поврзани со работата, болести и исклученоста од пазарот на труд. Дел од овие мерки се превентивната здраствена грижа, легислативата за работно опкружување, квалификувањето и образованието за пазарот на труд, како и образованието на возрасните. Безбедноста на улиците и јавните плоштади, како и онаа во сопствените домови, се дел од политиката на благосостојба. Борбата против криминалот, вообичаено, е дел од политиката на сигурноста, но овде е вклучена борбата против причините на криминалот. Општеството, мора недвосмислено да реагира против криминалот и престапите на правилата. Но најдобриот начин за борба против криминалот, низ долгорочна перспектива, е во создавањето општеството каде социјалните поделби се мали, каде секој има право на работа, каде полово поврзаното насилство не постои, каде децата и младите може да растат и да се развиваат под сигурни услови.

### 4.2.Социјална партиципација за сите

Во дваесеттиот век, социјалните прашања се дефинираа низ призма на конфликтот помеѓу капиталот и трудот, тој не беше целосно разрешен. Но динамиката на политичките и економски процеси, трансформацијата на државите и економиите во дваесет и првиот век, како приоритет поставија нови социјални прашања. Голем број луѓе, и понатаму, доживуваат несигурност или, пак, долготрајна исклученост од економскиот, социјалниот и културниот живот. Социјалното потекло, и понатаму, остварува силно влијание врз животот, образованието и професионалните можности. Можностите на жените за партиципација на пазарот на трудот се подобрени, но не сите форми на дискриминација се надминати. Долготрајната невработеност, присутна кај работоспособната популација, перманентно потиснува индивидуи и групи на маргините на општеството. Целта на НСДП, е многу јасна, и тоа партиципација на сите во социјалниот и културниот живот на нашето општество. Главните социјални ризици, како болеста, неспособноста, и невработеноста, социјално да бидат осигурани на солидарна база. Овие определби, сакаме да ги возобновиме во рамките на европскиот социјален модел и да ги прилагодиме на дваесет и првиот век. Образованието и знењето се најголемите ресурси на социјалното и економското зајакнување во овој век. Многу повеќе, доброто образование и обука, како и секојдневно обновуваното знаење, ја детерминираат иднината на индивидуата. Одлучувачки, за НСДП, се иновативноста и компететивноста на македонското општество, економскиот раст, и градењето долгорочна способност за квалитетен живот. Образованието е услов за индивидуална слобода, способноста да се учи, културната различност и отвореност, различните уверувања, критичките и расудувачките способности, го мобилизираат културното самопотврдување и шансите за самореализација. Младите луѓе мора да ги научат нормите на нашето општество, да ги препознаваат предностите на мултикултурализмот и различностите. Можностите на поединците да партиципираат во образованието не смеат да бидат зависни од нивното социјално или етничко потекло или, пак, од нивниот

пол. На Република  Македонија и се потребни кафалификувани граѓани, квалитетно обучени и високо едуцирани. Пристапот до студирањето, мора да биде обезбеден и загарантиран за сите талентирани, независно од социјалната позиција во која се наоѓаат. За сите области на образованието, четири принципи мора да бидат применети, и тоа, разбирливост, еднаквост на можностите, пристапност и квалитет. Ние треба да го овозможиме најдоброто можно образование за сите, од градинка преку основно образование па сѐ до високото обрзование.

Нашиот модел за дваесет и првиот век е превентивната држава на благосостојба, држава која инвестира многу повеќе во луѓето и нивните потенцијали. Новите социјални прашања, над сѐ, борбата против новите форми на сиромаштија и исклученост, можат да бидат совладани само преку силно развиени социјални димензии на националните политки.

Граѓаните на Република Македонија сакаат силна социјална држава, но исто така сакаат, оваа социјална држава да биде поврзана со новите реалности и барања, кои произлегуваат од нивните искуства на рабоните места и секојдневниот живот. Ние поради тоа мораме да го возобновиме консензусот околу нашата социјална држава, пред да биде еднострано разрешено од страна на оние кои мислат дека тоа можат да го направат без неа.

Социјална држава е онаа држава која е превентивна и инвестира во луѓето, која го промовира вработувањето, таа е обврзана да ја осигура здраствента грижа, да ја редуцира сиромаштијата. Таа ги обликува демократските промени, во соработка со засегнатите, ја препознава егзестинцијалната важност на образованието за индивидуите и општеството. Активната социјална држава е сигурен партнер на луѓето, никогаш само менаџер на социјалните проблеми, овозможувајќи им поддршка и помош да ги развијат сопствените сили. Социјалната држава ги мобилизира луѓето во обликувањето и преземањето на одговорноста за нивните сопствени животи. Во ист момент, таа мора да биде сигурна, луѓето ѝ веруваат само на онаа социјална држава која им овозможува долготрајна сигурност.

### 4.3. Социјален консензус

Слободата, правдата и солидарноста се вредности кои продолжуваат да ја обврзуваат социјалдемократијата и во дваесет и првиот век. Општество втемелено на слободата и еднаквоста, бара разбирање на можноста, различните интереси да бидат хармонизирани помеѓу социјалните групи, генерациииите и половите. Потребно е, во Република Македонија да оствариме разбирање на базичните вредности и норми на општеството, на промените во нашето опкружување, како и на промената во релацијата помеѓу правата и обврските, односно, што другите можат да сторат за нас и што ние можеме да сториме за другите. Овој нов консензус мора да ги вклучи државата и нејзините граѓани, заедниците и асоцијациите. Ние веруваме во обврската на секој еден, кој сака хумано општество, да придонесе за изедначувањето на половите во сите области на животот. Еднаквите можности за мажот и жената во општеството, професијата и семејството, остануваат централна задача.

Социјалниот консензус мора неизбежно да ја зајакнува демократијата, ние сакаме жива демократија и еднаква партиципација за сите во процесите на одлучување во општеството, залагајќи се за функционална држава со активно цивилно општество. Нам ни е потребно силно цивилно општество, за да се обнови обврзувачката социјална сила, солидарноста, кохезијата, во сите пори на нашето општество, да се практикуваат слободите на еден одговорен начин, да се осигура и развие квалитетот на животот во сите јавни простори, за сите. Потребно ни е ново позитивно вложување во лојалноста кон нашата држава. Потребна ни е активна и кооперативна држава, која ги подржува граѓаните во преземањето на одговорност за нив самите и во покажувањето на солидарност во преземањето на одговорностите за другите. Во исто време, способната држава поседува способност да им го гарантира на луѓето пристапот до јавните добра и да постапува фер и одлучно. Движејќи се во овој правец државата ја стекнува поддршката и лојалноста на граѓаните.

Во нашиот поглед, социјалниот консензус мора да биде изграден врз следниве идеи:

- ако повеќе флексибилност се бара од луѓето во дваесет и првиот век, тогаш за возврат, би требало да можат да се потпрат на модернизираните форми на социјална безбедност, партиципација во профитот, во донесувањето на одлуките, едукацијата и активностите;
- ако сакаме повисок животен стандард, во иднина, треба повеќе јавни инвестиции да насочиме во социјалните услуги, едукацијата, иновациите и инфраструктурата;
- ако државата сака да ги продолжува споствените способности и легитимност, под променети услови, таа мора во секое време да биде сигурен партнер за сите граѓани;
- ако ние сакаме да реализираме полова еднаквост, под исти околности, жените мора да ги имаат истите можности на пазарот на трудот, како и подеднакви шанси за вработување;
- ако ние се потпираме на големиот раст во дваесет и првиот век, мора да ни биде јасно дека ова може да биде возможно, само преку одржливо и одговорно искористување на ресурсите;
- ако сакаме Република Македонија да биде витално, културолошки различно општество во дваесет и првиот век, сите политички партии и интересни групи, мора да го прифатат Уставот и принципите на кои тој се заснова.

## 5. Социјална економија

Перформансите и мерките на класичната држава на благосостојба, на дваесетиот век, повеќе не се адекватни за глобализираниот и заеднички свет, во дваесет и првиот век. Скалата на предизвиците, со кои економските политики мораат да се фатат во

костец, е евидентна: интензивирање на меѓународната компетиција на наднационални економски актери, староење на популацијата, трансформирање на улогата на полот во семејството и пазарот на труд, новите информатички и комуникациски технологии, социјалните тензии и нееднаквости. Во општествено-економски констелации од овој тип, класичните социјалдемократски мерки се покажуваат неадекватни. Се наметнува потребата од креирање на нови политичко-економски стратегии, како одговор на предизвиците на двесет и првиот век. Како на НСДП, така и на Република Македонија, ѝ е потребен нов прогресивен пристап, кој ќе ги поврзе економската и социјалната политика, кој ќе се фокусира на градењето на прогресивни институции за иднината, модернизирани политички инструменти, втемелени на потребите на мнозинството, ќе ја промовираат државата на благосостојбата, односно, социјалната држава, како нужен предуслов за зајакнување на социјалните димензии на пазарната економија.

Промовирајќи економски политики кои, на колку што е можно повеќе, граѓани ќе им отвораат пристап до работни места и фаворизирајќи го фер економскиот натпревар, како приоритети ги истакнуваме:

**Борба против невработеноста.** Невработеноста мора да биде потисната и намалена со вложувањето на максимални сили за остварување на максимално можно ниво на вработеност. Секој кој е способен за работа мора да биде во можност и да пронајде работа.

**Давање приоритет на работната професија.** Работата мора да биде главниот принцип на социјалдемократските економски политики. Секој мора да има јасни права, но, исто така, и прецизно дефинирани обврски. На секој граѓанин, кој што е без работа, мора да му биде понудена работа, образование или квалификациони тренинзи, истовремено, правилата кои што даваат право на бенефиции мора да бидат јасни и да се применуваат постојано.

**Борба против економскиот криминал.** Економскиот криминал во форма на даночна евазија, книговоствен криминал, затворената економија и корупцијата, води кон редуцирање на даночните приходи и фаворизирање на неконкурентната компетиција. Присуството на економскиот криминал во Република Мекедонија, секоја година, доведува до негативни ефекти по животот на илијадници граѓани, долгорочно поткопувајќи ја општата благосостојба. Ние, новите социјалдемократи, сакаме да вложиме нашити сили во борбата против даночната евазија и бараме нулта толеранција за економскиот криминал.

**Редуцирање на економските неправедности.** Постојат разделувачки линии помеѓу оние кои се на работа и оние кои се без работа, помеѓу мажите и жените, помеѓу различните социјални групи. Економските политики, на директен и индиректен начин, мора да инкорпорираат редистрибутивни механизми од оние со поголеми приходи и богатство, кон оние со големи потреби, а ниско ниво на општа благосотојба. Борбата против нееднаквоста и нефер заработувачката, мора да биде континуирана и силна.

Подржувајќи ја фер пазарната компетиција и охрабрувајќи ги иновативните димензии на економијата, како важна основа на севкупниот просперитет, ја препознаваме потребата од воведување на фер правила и јасна рамка за функционирање на економијата. Нам ни е потребна економска политика насочена кон реализирање на целите и вредностите, кои се споделувани од страна на големо мнозинство во нашето општество: одржив раст, висока вработеност, правичен и дистрибутивен просперитет.

Многу важна задача, е креирањето на квалитетни и одржливи работни места, со висока вредност. Она што ни е потребно, се реално ориентирани економски политики кои ги зајакнува, како страната на понудата, така и страната на побарувачката. Јакнењето на извозната димензија, како важен столб на националната економија, не смее да

биде оставена на маргините на економските мерки. Ние сакаме добри и фер натпреварувачки услови за сите економски актери.

Правилата кои што ја водат нашата економија минаа низ серија промени. Пазарот на капитал остварува растечко влијание над фирмите и претпријатијата. Искуството покажува дека ориентацијата кон краткорочниот профит може да ги уништи економските потенцијали. Нашата економија е силна кога овозможува долгорочен развој и може да пружи отпор на краткорочните интереси.

Ние се залагаме за иновативни, поквалитетни и подобри производи и услуги, не за пониски надници, за долгорочен развој, не за краткорочен профит. Иновативната и компететивна економија, претпоставува повеќе инвестиции во образованието и обуката, истражувањето и инфраструктурата. Потребно е континуирано зголемување на јавното инвестирање во овие области.

Профитабилните компании мораат да бидат заштитени од краткорочните напади и краткорочните преземања. Отворениот финасиски пазар и пазарот на капитал, можат да бидат во корист на економијата и јавната благосостојба, ако во одредена мера се регулирани и обврзани на транспарентност. Во деловите каде пазарот е атрофиран, потребно е компетицијата да биде зајкнувана со активни економски мерки.

Согледувајќи ја предусловеноста на економските перформанси, од општото ниво на образование и човечкиот капитал, поттикнувањето на индивидуалната едукација и обука, станува наш императив. Владините поддржувачки политики би требало, প্রাди тоа, да бидат насочени кон осигурување на можности и услови, граѓаните на Република Македонија да инвестираат во сопствениот "капитал", да пронајдат вработување соодветно на вештините и талентите кои ги поседуваат. Развојот на индустриските основи на економијата, треба да се насочи кон заживување на економијата базирана на знаење, каде што лежат предностите на глобалниот економски натпревар. Како и да е,

економијата на знаењето и општеството на знаење, имаат социјална димензија, во овој контекст социјалната интеграција се остварува преку образованието. Клучното прашање за демократската левица е помошта на оние кои се лишени од полето на знаењето.

Нам ни се потребни заеднички напори на сите економски актери, работниците и државата, принципот на доживотно учење да се направи реалност. На општеството му е потребен консензус за тоа кои јавни добра нема да бидат изложени на чистите пазарни принципи. Низ социјалдемократска перспектива, главни сегменти во овој поглед се образованието, здраствената грижа и социјалната сигурност.

Партиципацијата на работниците во профитите и донесувањето на одлуките е многу важен принцип во социјалната димензија на пазарната економија. Поради ова, НСДП ќе даде активен и конструктивен придонес за зајкнување на слободните преговори помеѓу социјалните актери, за висината на плати и взаемното решавање на проблемите.

### 5.1.Одржив развој и раст

Силна економија и продуктивен систем, со висок компететивен профил во меѓународни услови, ја формираат основата за остварување долгорочен и позитивен развој, за зголемување на реалните плати и социјалната благосостојба. Од друга страна, самата благосотојбата ги засилува условите за раст и развој. Кога повеќе луѓе се подобро образовани и способни да ги зголемуваат своите компететивности, економијата е посилна. Целта на развојот е зголемување на човековата благосостојба и тоа не може да биде остварено со методи кои го поткопуваат човековото здравје и квалитетот на животот, ја уништиваат околината или ги осиромашуваат природните ресурси. Како приоритети ги истакнуваме:

**Просперитет и вработување.** Ние сме во транзиција кон знаење, кон услужно и индустриски базирана економија. Сè поголем број луѓе треба да бидат вклучувани во информационите процеси и знаењето. Барањето за флексибилност на работното време и географската мобилност се зголемени. Нашите цели се просперитет за сите и партиципација на сите во работата. Колку повеќе мажи и жени се вклучени во создавањето на вредноста, преку интелектуална и физичка работа, просперитетот толку повеќе ќе биде поголем. Секој има право, но и обврска да се мотивира себесе низ работата, толку колку што е во можност да го направат тоа. Економската и вработувачката политика, во дваесет и првиот век, ќе биде успешна само ако се комбинираат два пристапа. На едната страна, мора да има доволен број работни места, а на другата страна, луѓето мора да бидат подржани во прифаќањето на промените на професионалните барања.

**Одржив прогрес.** Нашиот просперитет, исто така, зависи од прогресот во науката и технологијата. Конфликтите околу суровинските материјали се зголемуваат, климатските промени се закануваат на егзистенцијата на многу луѓе во светот. Ризичните технологии бараат етичко просудување и делување.

Целта која НСДП сака да ја оствари, се состои во прогрес воден од одржливоста. Тоа значи, ние можеби не се ограничуваме себеси овде и сега, но мораме да преземеме одговорности за иднината на следните генерации. Прашањето за идната употреба на енергијата е во директна релација со социјалните, економските и еколошките предизвици на глобално ниво. Ние би сакале, и навистина би морале, да се отргнеме од опасностите и ограничувањата во употребата на фосилната енергија и да се забрза продорот кон употребата на алтернативните енергетски извори. Ние би требало да прифатиме нова енергетска комбинација на енергетска безбедност, енергетска ефикасност и ефективност, интелигентна употреба на фосилните горива, и над се, развивање на обновливите извори на енергија.

**Засилување на ефикасноста на пазарот.** Создавањето на поволна клима на пазарот е во позитивна корелација со постоењето на стабилна околина, трајни правни правила, ефикасна и брза администрација, предвидлива држава, валоризирањето на пронаоѓачите и на динамичните претприемачи, добро утврден систем на сопственост и безбедност, поддршка на создавање нови претпријатија, давајќи им средства за иновации, инвестирање и привлекување таленти.

Денес, да се биде сопственик на претпријатие подразбира постојана потрага за нови клиенти, нови пазари, нови продукти, нови методи на производство, нови партнери и нови соработници. Во натпреварот со другите да се биде добар не е доволно, многу почесто мора де се биде најдобар.

**Инвестирање во мали бизниси.** Ние сакаме малите компании да бидат способни за вработување и да бидат подготвени да го преземат ризикот на вработувањето. Она што е најважно за растот е здравата економска политика. Тоа креира можности за силна побарувачка за добрата и услугите на компаниите. Како надополнување на ова, потребни се специјални поттици. Ние сакаме да дадеме даночни олеснувања за индивидуалните бизнисмени кои вработуваат луѓе. Ние сакаме да го редуцираме времето кое сопствениците на компаниите мораат да го потрошат на административни процедури, Правилата мора да бидат поедноставени.

**Инвестирање во инфраструктура.** На еден лесен и безбеден начин мора да бидеме способни да одиме и да се враќаме од нашите работни места, училиштата, нашите рекреативни активности и социјални услуги. На лесен и ефективен начин, компаниите мора да бидат способни да ги доставуваат добрата и услугите до муштериите, во рамките и надвор од земјата. Со проширена инфраструктура, општините се развиваат заедно, се создава поголем пазар на труд и се зголемува слободата на луѓето. Според ова, инфраструктурата е од круцијално значење за растот, вработувањето и благосостојбата. Ние го поддржуваме инвестирањето во инфраструктурата. Постојната патна и

железничка мрежа мора квалитетно да биде осигурана и да бидат направени нови инвестиции. Ефективноста и одржливоста, треба да бидат основни водилки во нудењето на транспортните солуции. Инвестирањата бараат долгорочни планови и соработка помеѓу локално и националното ниво. Кога компаниииите ги донесуваат одлуките за нови инвестирања, можностите за добра комуникација се одлучувачки фактор. НСДП, инфраструктурата ја препознава како стратегиски ресурс. Ние сакаме да видиме инвестирања во инфраструктурата кои ќе ја поврзат Република Македонија со новите растечки пазари и со нашето непосредно опкружување.

**Одржливо земојделие и рурален развој.** Препознавајќи ја засилената интернационализација на пазарите за земјоделски производи, НСДП се определи за продуктивно и извозно ориентирано земјоделско производство. Утврдувањето на бенефиции за земјоделските производители, изградбата на систем за инвестиции и кредитирање, се првите предуслови кои е потребно да се исполнат, за да ја оствариме целта. Ние промовираме имплементација на високи технологии, со цел задоволување на потребите на домашниот пазар и зајакнување на конкурентната способност, како дел од подготвката за засилено вклучување во европските пазари.

Ние сакаме тип на земјоделие, во кое растителната и животинска природа, се компатибилни со рентабилното производство, во ист момент, спремно да ги задоволи растечките барања за здрави и високо квалитетни прехрамбени производи, од еколошко производство кое ги штеди природните ресурси. Ние сакаме јавниот сектор да ја зголеми конзуманцијата на еколошки производи. Фармерите, земјоделците и конзументите го имаат правото да произведуваат и конзумираат продукти ослободени од генетската технологија. НСДП не ја заборава потребата обезбедување на материјална и социјална добросостојба на земјоделските производители и постигнувањето на рамнотежата во релацијата град-село. Руралните области имаат свои можности за развој, кои би можеле да се поврзат со постојното производство, овде

спаѓаат селскиот туризам, обновливите ресурси и органското производство во еколошки незагадените региони на Република Македонија.

**Работа за секого**. Работата е предуслов за благосостојба, просперитет и персонален развој на луѓето. Луѓето кои имаат работа, имаат високо ниво на самодоверба, подобро здравје и поголемо ниво на искусување на слободата, отколку оние кои се без работа. Поради ова, можноста за вработувањето на секој е една од доминантните цели на НСДП. Ние мораме да имаме работен живот којшто е прилагоден на човечкото битие, преземајќи ги предностите на нашите разлики и отворајќи можности да ги организираме нашите животи, нашата работа, согласно различните патеки и преференции. Модерниот пазар на труд мора да направи простор за оние кои не се високо продуктивни во очите на работодавците. Нам ни е потребно силно работно законодаство, како и чувство на одоговорност на делот на работодавците. Ние, како нови социјалдемократи, мораме да покажеме дека е можно намалување на невработеноста. Ние мораме да ја насочиме економијата во вистинскиот правец, кој ќе не одведе до отворање на нови работни места, доволно значајни да ја редуцираат невработеноста.

**Сигурност на патот од старите работни места кон новите.** Креирање и спроведување на политики на пазарот на труд кои исчекоруваат напред во одонос на барањата за редуцирање на бенефициите за невработените и ублажувањето на политиките на пазарот на труд. Ние сакаме да изградиме нови мостови за движење, од она што е старо кон она што е ново. Секој оној кој ќе изгуби работа мора најбрзо да добие подршка, и подршката мора да биде прилагодена на индивидуалните потреби. Во насока на навременото и квалитетно соочување со предизвиците на пазарот на труд, кфалификационите, докфалификационите и другите тренинг програми, треба да бидат развивани и доусовршувани.

**Елиминирање на невработеноста кај младата популација.** Многу млади луѓе имаат големи потешкотии за влез на пазарот на труд,

создавајќи чувство на одвоеност и маргинализираност, нешто што ние не можеме да го прифатиме. Најмногу засегнати се оние кои немаат комплетно основно и средно образование. Ниеден млад човек не би требало да биде оставен без работа или, пак, со недовршено образование, на сите мора да им биде дадена можносат да заработуваат за сопственото живеење.

**Секој еден е потребен.** Физичките и ментални недостатоци кај поедини луѓе, сѐ уште, премногу често, се перцепираат како дискриминаторски. Чувството на отфрленост, игнорирање, изолираност или навреденост не е невообичаено, и понатаму е присутно во секојдневниот живот или на работното место, кај овие луѓе. Лицата со физички или ментални хендикепи, се наоѓаат во далеку полоша социјална и финансиска положба, со пониско формално образование и поголеми потешкоти во наоѓањето на работа, отколку останатите. Ваквите состојби се неприфатливи за НСДП. Ние сакаме секој да го има истото природно право на активен живот. Перспективите на лицата со хендикеп мораат да ги проткајуваат политиките, на сите нивоа, и во сите делови.

### 5.2. Сигурност на платата на работниците

Високиот раст и продуктивност, брзото прилагодување и повеќе работни места, само позитивно се одразува во креирањето на подобри можности за повеќето луѓе. Во Република Македонија, мора да креираме модел заснован на соработката помеѓу социјалните партнери, добрата организација, долгорочните планови и јасните правила и регулативи. Како приоритети ги истакнуваме:

**Зајакнување на колективните договори.** Основите на работното законодавство треба да се наоѓаат во силината на социјалните партнери и колективните договори, како најважни инструмен за регулирање на условите на вработување. Колективните договори создаваат сигурност

на работните места. Синдикалните организации мора да добијат право на увид дека потпишаните договри се почитуваат и на оние работни места каде синдикатите немаат сопствени членови.

**Сигурно вработување – со право на полно работно време.** Многу луѓе се приморани да одат од едно привремено работно место на друго. Они кои се вработени на краток временски период имаат понизок животен стандард. Тие мораат да прифаќаат краткорочни работни ангажамани, кои им завршуваат откако ќе ги комплетираат своите работни обврски. Ова не може да продолжи. Бројот на неосигураните, кратковременски вработувања мора да се намали и перманентните вработувања да се зголемат.

**Работодавачите мора да ја преземат одговорноста за болните.** Секоја личност мора да биде одговорна за сопственото здравје, но работодавачите мора да преземат одговорност за осигурување на поединците кои се болни дека ќе се вратат повторно на сопствените работни места. Секој мора да добие законски пропишано право на квалитетни здраствени услуги и на работни места кои не му наштетуваат на здравјето.

**Спречување на дискриминаторските дневници.** Новата социјалдемократијата нѐ обврзува, да ја преземеме одговорноста за борбата против дискриминаторските дневници на пазарот на труд. Еднаквото плаќање, односно, дневница за еднаква и еквивалентна работа, не смее да биде само слоган, тоа мора да стане реалност. Дискриминаторските однесувања на пазарот на трудот мора да се искоренат.

## 6.Еколошка одржливост

Рационалното и мудрото користење на ресурсите на планетата е предуслов за иднината на човештвото. Загадувањето не познава никакви граници, тоа доаѓа со ветрот, дождот и водата, сите ние сме на удар. Економскиот развој мора да биде во хармонија со еколошката одржливост, ако сакаме идните генерации да живеат во свет со свеж воздух и чиста вода, природна клима и биолошки диверзитет. Воспоставувањето еколошки одржив развој, произлезен од чуството на одговорност, како за светската заедница како целина, така и за Република Македонија, е една од целите на НСДП. Овие определби, ја создаваат потребата од градење нови погледи за економската рационалност, нови насоки во социјалното планирање и зајакнување на чувството на индивидуите да преземаат персонална одговорност за употребата на ресурсите.

Природните ресурси мора да бидат искористени поефикасно. Производството на енергија мора да биде прилагодено. Транспортниот систем мора да биде реорганизиран во насока на поголема застапеност на јавниот транспорт, и во исто време да се вложат сите сили за развој на технологии на помала употреба на фосилни горива, и фаворизирање на алтернативните енергетски извори. Редуцирањето на гасовите кои негативно се одразуваат на климата и ја загрозуваат животната средина, е важен приоритет на НСДП. Еколошкото размислување поставува граници во можностите за употреба на енергијата, но ги промовира заложбите за развој на алтернативни форми и извори на енергија, инвестирање во ефективни и рационални методи на искористување на енергијата.

Успешната реализација на заштитата на животната средина и природата треба да биде составен дел на општествено-економскиот развој на Република Македонија. Политиката на заштита и унапредување на животната средина и природата треба да биде насочена кон создавање услови и економски можности за примена на

современи техники и технологии за спречување или ограничување на нејзиното загадување и деградирање. Приота, трошоците за заштита на животната средина треба да се третираат како составен дел на дејноста, а не како дополнителен трошок. Тие трошоци во основа треба да паднат на товар на загадувачот.

## 7. Општество базирано на знаење

Знаењето и културата се инструменти за развој и реализирање на слободата на индивидуата, како и инструменти на развојот на општеството, економскиот раст и благосостојбата. Знаењето и културата им даваат на луѓето можности за развој и проширување на нивните перспективи, тие ги реализираат идеите и креативноста на луѓето. Ова е ослободувачка сила и одлучувачка противтежа на амбицијата на економските и социјалните елити да управуваат со нашето размислување.

Давањето, можности и услови на секој за стекнување знаење, е од есенцијално значење за кршењето на класните обрасци. Знаењето и компетентноста, растечки стануваат "алатки" кои ги определуваат индивидуалните потенцијали во работниот живот. Големите разлики во пристапот до знаење, ги продлабочува поделбите и разликите во работниот живот, консеквенто, и во општеството.

Новиот поредок на производство, се развива на проширена база на обработка на информацијата. Информациските текови никогаш досега не биле толку широки како денес и модерната информациск технологија бара реален демократизиран пристап до знаење. Но, можноста која тоа знаење ја овозможува, не е само прашање на пристап, тоа е и прашање на способноста да се интерпретираат информациите. Задачата, со која што се соочува новата социјалдемократијата денес, е да креира општество базирано на реално знаење, изградено преку

тренинг и едукација, отворено и пристапно за секого, под еднакви услови.

Широкиот образовен и тренинг сектор побарува активни напори на сите делови од општеството. Тоа ја вклучува одговорноста за обезбедување понуда на простор, кадар и техничка инфраструктура, кон кои секој би имал пристап. Образовниот и тренинг-секторот треба да постават услови, на сите деца и млади луѓе да земат учество во знаењето, кое образованието го овозможува. Возрасните не треба да бидат запоставени, можностите за развој на нивните вештини и компетитивности, во насока на проширување и продлабочување на професионалните вештини и слободното трагање по знаење, мораат да бидат промовирани.

### 7.1. Доживотно учење

Високиот квалитет е фундаментално барање и принцип, кое мора да биде внесено во сите форми на образование. Приврзаноста кон овој принцип претпоставува воведување инструменти за добра обука на учителите, истражување во педагогијата, со цел остварување континуиран развој на наставните методи. Квалитетот на образованието е условен од работните услови во училиштата, работната организација и кадровскиот менаџмент, кој ги создава најголем дел од компетициите и вештините на учителите. Учењето и размислувањето се индивидуални процеси, но заинтересираноста и можноста за стекнување на знаење во голем обем зависи од социјалните и културните фактори. Денес секој има исти права на образование и исти формални можности за стекнување на него, но реалните можности се сè уште социјално детерминирани. Високите барања мора да бидат насочени кон целината на образовниот сектор, за негово функционирање на широка основа и со различни методи, кои ги надминуваат социјално, културно и полово поврзаните шеми. Ова е повик, школското опкружување да биде ослободено од злоставување, сексуално вознемирување, расизам и

одбивноста кон странците. Основното, средното и високото образование мора да соработуваат со заедницата која ги опкружува.

Предшколското образование, каде на децата им е дозволено да бидат деца, е појдовната точка во заложбите за воведување на доживотно учење, на него мора да се гледа како на дел од пошитоко втемелена, универзална, политика на благосостојба. Основното, средно и високото образование, кои се водени од јавни инстанци, мора да бидат ослободени од сите форми на школарина, кои го попречуваат еднаквиот пристап до образование, независно од социјално потекло.

Рапидниот раст на потребата за ново знаењето, континуирно надградувано, побарува образованието да не биде ограничено само на децата и на младите луѓе. Учењето станува долгоживотен процес, каде периодите на приносно вработување се наизменични со периодите на студирање. Образовниот систем и ситемот за економска поддршка на студентите мора да бидат прилагодени на ова, со тоа луѓето ќе можат да уживаат во можноста за континуирано избирање во животот. Создавањето услови за комбинирање на студиите со приносно вработување, подржувањето на учењето од дистанца со посредство на средствата на информатичката технологија, станува неодложлив приоритет за НСДП. Секој возрасен во областите на сопственото работење мора да има можности да земе учество во продолженото образование. Специјално внимание мора да им биде посветено на оние кои се ниско образовани. Проширените и засилени форми за образование на возрасните, развојот на компететивностите и квалификуваните занатски обуки се потребни.

Преку воведувањето системи за доживотно учење, ќе се зголеми континуираната адаптибилност и работоспособност на работниците, индиректно, и продуктивното ниво во рамките на претпријатијата. Условеноста на продуктивното ниво, од човечкиот капитал во претпријатието, како нови социјалдемократи нè обврзува, можностите и вештините на работната сила да не ги препуштиме на маргините во применетата политика, туку напротив, нè охрабрува во движењето кон

економија ориентирана на знаењето, зајакната со продлабочување и инвестирање во вештините. Во овој сегмент, како особено значајно, ја препознаваме потребата од зголемување на флексибилноста во рамките на претпријатијата, одразена преку преземањето проактивни мерки на инвестирање во обуката и вештините на работната сила.

Пристапот до знаење и образование е особено важен за индивидуата и е одлучувачки фактор за развојот на нашата земја. Со квалификувана и вешта популација, ние како нација ќе бидеме посилни во меѓународната компетиција. Денес, сè поголем број работни места бараат универзитетска диплома, визијата за универзитетско образование на сите социјални групи и во целата земја, секогаш беше предизвикувана од страна на мислењето за високото образование дека е резервирано само за неколку луѓе. Ние сакаме да продолжиме со инвестирање во знаење за секого, во време кога побарувачката на знаење се зголемува. Како приоритети ги истакнуваме:

**Повеќе студенти на универзитет.** Ние сакаме повеќе луѓе да имаат можност да студираат на универзитетите. Ние сакаме да видиме развој каде повеќе луѓе ги поминуваат сопствените испити и го комплетираат сопственото образование што побрзо. Затоа ние ги поддржуваме и охрабруваме сите интензивни студиски програми, со пократка летна пауза и стипендиските студенски ситеми.

**Учење низ животот.** Ние, како социјалдемократи, сакаме да инвестираме во образованието на возрасните и популарното образование. Универзитетите мора да бидат отворени за секого, независно од местото на живеење, возраста или социјаната позадина.

**Напредување со знаење и култивација.** Култура за секого е класична социјалдемократска цел. Класата, полот, етницитетот или хендикепите, не смеат да ги спречуваат луѓето во искусувањето и практикувањето на културните активности. Културниот живот мора да биде отворен кон нови форми на изразување.

**Посилна улога на научното истражување.** При редистрибуцијата на ресурсите мора да се води сметка и за научните истражувања. Ние сакаме соработка на универзитетите со индустријата и со општеството на систематски начин, кој ги охрабрува и поддржува студентите и научниците кои сакаат да ги трансформираат сопствените знаења во добра и услуги или да ги постават сопствените бизниси.

**Натпревар со знаење, не со ниски дневници.** Рационалноста на човечкото битие, ни ја задржува нашата љубопитноста низ целиот живот. Но, тоа не е доволно. За нејзиниот развој, потребни се стимулации – тренинг, образование, културно искуство, предизвици, форуми за дебата, влијание и можности за преземање одговорност. Знаењето и образованието се патот кон персонално ослободување, но денес, можеби повеќе очигледно отколку кога и да е, тоа, исто така, формира компететивни предности на нацијата. Знаењето се зголемува кога тоа е споделувано од страна на многу луѓе, тоа мора да биде пристапно за сите.

Денес, визијата за образование за секого е предизвикана од страна на барањата за елитизам, краткорочниот профит и раното сепарирање на децата. Ние посакуваме образование во кое на секое дете ќе му се пружат еднакви можности за добро знаење и вештини. Школото мора да има изградено јасни барања и очекувања, да овозможи поддршка и помош, кога тоа им е потребно на децата за остварување на нивните цели. Секое дете мора да го напушти училиштето со задоволително знаење и со верување во неговите способности, со желба да учи повеќе. Условот за добро учење е децата да имаат желба за учење, но и да располагаат со влијание во обликувањето на нивните секојдневни животи. Секое училиште мора да има компетентен и потврден кадар, со јасни полиња на одговорност и авторитет. Дискриминацијата во училиштата мора да биде потисната, како и во работниот живот. Ние сакаме во училишта регулативи, формирани од страна на кадарот, децата и родителите, од сите заедно. Ние го подржуваме превземањето на специјални акции насочени кон

зајакнување на училиштата кои даваат слаби резултати. **Секое училиште мора да биде добро училиште**.

## 8. Културен диверзитет

НСДП ќе гради вистинско мултикултурно и мултиетничко општество, ќе ги обединува граѓаните со различно етничко, културно и верско потекло, свесни дека досегашната практика на етнички чисти политички партии, го лимитираа развојот на граѓанското општество. Уважувањето на националните белези, културната различност и традиционалните вредности на населението, верската толеранција и религиозниот плурализам, за НСДП се императив на времето во кое живееме. За нас е туѓо кокетирањето со религијата и верските заедници, како и нивното користење во политички цели.

Демократските вредности во културата, како крајно проширување на идејата за демократијата, подразбира секој од нас, секоја група и заедница, секое културно и верско малцинство, да има право на заслужена почит и уважување, како и право на глас во донесувањето на виталните одлуки кои го засегнуваат квалитето на културниот живот. Прифаќајќи ја оваа идеја, НСДП ќе се мобилизира во заштитата и промовирањето на културната различност, во остварувањето на правото на еднаков пристап и активна партиципација во културниот живот, како и развојот на културната размена со светот.

Обезбедувањето на услови за граѓаните да партиципираат во јадрото на културниот живот, односно можноста сите луѓе да ја реализираат креативната моќ на нивната мисла е централна задача на демократските принципи во културата. Културата овозможува квалитет на животот, таа е лепило кое ги врзува луѓето од различни генерациии и земји заедно. Таа ја има моќта да ги собира луѓето заедно во локалните заедници, и во овој поглед е важен потенцијал за локалниот и регионален развој во Република Македонија. Културните политики мора

да бидат дизајнирани на начин кој овозможува широки можности за, персонална и групна, културна креативност и култивација на мислата.

Културните институции и културниот живот мораат да го рефлектираат културниот диверзитет на Република Македонија, во исто време, згрижувајќи го историското и културно наследство. Ова вклучува простор за промовирање и подршка на можностите културните заедници да ги зачуваат и развиваат сопствените јазици и традиција.

Културниот живот во Република Македонија, мора да има форуми за дискусија и размислувања, без инсистирање на вулгаризирана комерцијализација. Ние сме против кичот, шундот и секаков вид на обезличување на културните вредности. Институциите во кои се одвива професионалиот културен живот, како театрите, музеите, библиотеките, мора да бидат дисперзирани во сите општини во Република Македонија.

Лингвистичкиот, културниот, националниот и локалниот диверзитет, го збогатува нашето заедничко наследство и го зајакнува заемното почитување. Ова е богатство на Република Македонија, и НСДП ќе го негува.

Нема да ја заборавиме грижата за културниот развој на македонското малцинство во соседните земји и на нашите сонародници во дијаспората.

Во културната политика, НСДП ќе се раководи од следниве начела:

- сите добра од областа на културата, како материјални така и духовни, да бидат достапни на сите, по еднакви услови;
- неотуѓиво право на секој, за културно и уметничко остварување;
- потполно остварување и право на негување на културните различности, како и отворање простор за културно афирмирање на сите заедници;

- заштита на културното наследство, традиција и обичаи;
- отворена и заемна комуникација во сите домени на културата;
- децентрализација на културата, со посебен акцент на културниот живот во општините;
- промоција на македонската културна различност, на европската и светска културана сцена.

## 9. Полова еднаквост

Конзервативната свест и традиционалните ставови, иако во рудиментирана форма, сѐ уште се присутни во македонското општество, потиснувајќи ја жената во сферата на приватноста, домот и семејството, оспорувајќи ја партципацијата на жените во политиката, управувањето и производствените структури.

Остварувањето на социјалната одговорност во едно општество, вклучувајќи го и македонското, незамисливо е без постигнување на потполна и рамноправна вклученост на жените во сите процеси и системи на создавање и одлучување. Оваа вклученост, НСДП ја препознава како еден од предусловите за севкупниот развој на Република Македонија.

Силните општествени промени во Република Македонија, последните десетлетија, темелно ги потресоа традиционалните облици на семејниот живот, се променија формирте и начините на остварувањето на семејните функци, полека се редифинира улогата на жената во општествот, НСДП се надоврзува на овој процес. За нас еднаквите права за жената и мажот не е само моралне императив, туку и политички. Овие определби не обврзуваат политичките сили да ги насочиме кон креирање на јавни политики, проткаени со промоција на еднаквите права и можности. Политики насочени кон елминирање на сите форми на дискриминација, нееднаков пристап и нееднаквите

услови, на пазарот на труд, во управувачките и производствени структури, во политиката.

Сакаме да ја надминеме поделбата на женски и машки професии, да ја направиме Република Македонија земја  во која мажот и жената ќе живеат заедно во еднаквост, слобода и солидарност. Жената во Македонија, мора да биде самоуверена и способна да го обликува сопствениот живот, согласно своите идеи.

## 10. Младите – наша иднина

Перспективата на младите е значаен фактор  на општествената стабилност, интегритетот и континуитетот на државата. Отворањето на овие перспективи, првенствено е сврзано за подготвеноста на старите да им го отворат јавниот простор на младите, со достапност до образвание и вработување, со право на автентичен, слободен и различен израз. НСДП преку своето политичко делување, сака да промовира поголемо учество  на младите во процесите на одлучување, да создаде механизами за заштита на младите од сиромаштијата и социјалните разлики.

Олеснувањето на уписите во училиштата и факултетите, стимулирањето со стипенди и кередити, загарантирани  социјални права и погодности, се само дел од социјлдемократските определби, кои ги прифаќаме. Инсистирањето на посебни программи за вработување и самовработување на младите, посебни кредитни линии за младите претприемачи, даночни олеснувања и наменски  кредити за купување на станови, се силна потпора на младите на нивниот пат кон осамостојување од родителите и преземање на одговорностите.

Нашата политичка агенда вклучува програми насочени кон децата и младите, заложби за рано инвестирање во нивниот индивидуален развој, здравјето и благосостојбата, социјалните вештини и таленти.

Брзото усвојување и совладување на новите технологии, комуникацијата со светот на најмодерни комуникациски основи, е во духот на младите генерации.

## 11. Македонија и светот

Надворешната политика на Република Македонија во огромна мерка е поврзана со стабилниот внтарешениот развој на земјата. Многу активности на меѓународен план се тесно поврзани со внатрешно политичките цели и интереси и со нивното спроведување. Во меѓународните односи, особено во регионалнат соработка на патото кон Европа и НАТО, ќе водиме проактивна политика, заснована на обострана корисност и реципрочност, како темелне принципи во партиципацијата на меѓународната политичка сцена.

НСДП својот акцент го става врз полноправното зачленување на Република Македонија во ЕУ и во НАТО. Досегашите консензуално искажани ориентации за полноправно членство на Република Македонија во ЕУ и во НАТО, продолжуваат да бидат приоритет на надворешно политичката активност на државата.

Мерило за успешноста на една држава, денес, е нејзината способност да се прилагоди на стандардите на ЕУ. Членството во ЕУ е значаен индикатор за демократската и стопанска развиеност, за културната и конфесионална толерантност на државите, не само на европскиот континент, туку и пошироко. Здружените европски демократии, обединети под знамето и околу вредностите на ЕУ, претставуваат глобално успешен модел на политичка и економска развиеност, модел проткаен со различни традиции, култури и вредности. Европа е демократска и социјална заедница на вредности. Европскиот модел на општество кое ги комбинира економскиот прогрес, социјалниот еквилибриум и индивидуалната слобода, надополнет со разбирањето и

негувањето на неговите нации и религии како драгоцено добро, е местото каде сакаме Република Македонија да ја видиме.

Интегрирање на европските цивилизациски вредности во македонското општество, постигнување на квалитет на општествени одоси и стандарди, лични и општествени, каков што е во Европската унија. Нашата цел е сосем јасна, Република Македонија како дел од Европската унија. Но предизвизците и препреките, дотаму не се секогаш познати, што уште повеќе нѐ охрабрува во иницирањето на промени и реформски проекти, согласно европските принципи и вредности

НСДП е дел од националниот консензуз и активен фактор во приближувањето и интегрирањето во НАТО и во ЕУ. Користењето на инструментите на демократското општество, отвореноста кон јавноста и медиумите, соработката со цивилното општество и со другите политички страни, европскиот дом на новата социјалдемократија, ја гради европскта препознатливост на НСДП. Ние ја прифаќаме социјалдеморкатската перцепција на Европската унија како политички одговор на глобализацијата.

Безбедноста и стабилноста на Република Макеоднија, може долгорочно да бидат загарантирани само со полноправното членство во НАТО. Тоа би било потврда за политичката созреаност, економската стабилност, способноста на нашата држава да дава активен придонес во градењето на светскиот мир и стабилност.

Соработката со САД треба да биде на ниво на вистинско стратегиско партнерство. Постоењето на идентичност или блискост во ставовите на двете земји во однос на голем број надворешно-политички прашања, овозможува интензивна и блиска соработка, не само на билатерален план, туку и во рамките на меѓународните институции и организации. Развојот на партнерските односи со САД треба и во иднина да се одвива на политичко безбедносен, но и на економски план.

Паралено со развојот на односите со САД, НСДП се залага за интензивирање и развивање на надворешно-политичките и економски односи на Република Македонија со Русија, Кина, Јапонија и другите значајни политички и економски фактори на меѓународната сцена.

На меѓународната сцена не ја забораваме Организацијата на Обединетите нации. Затоа што главните предизвици на човештвото, климатските промени, конфликтите, нерамномерниот економски развој и социјалните обесправености во сите региони на светот, не можат да бидат решени само со индивидуалните напори на државите.  Барањето на одоговор на овие промени не смее да ги заобиколи ООН, тие се тежиштето на светските политки и создавањето на еколошки одржлив и фер економски поредок. Обединетите нации се тие кои располагаат со потенцијал за глобално координирање на економските интереси, социјалните потреби и еколошките неволји, на тој начи ќе се помогне во ограничувањето на ризиците од неконтролираното движење на капиталот, како и до социјалните и еколошки падови. Ние ја поддржуваме определбата на европските социјалдеморкати, за една ефективна структурна рамка за финасиските пазари на меѓународно ниво.

Мирот и безбедноста се глобални јавни добра. Поради тоа, финасиската и економска стабилност, чувањето од климатски катастрофи, одбраната на еколошките системи и превенцијата од епидемии, се глобални политички задачи. Обединетите нации се тие, на кои е потребно да и се дадата потребните ресурси, за справувањето и превенцијата, на овие ризици.

Нашиот став за светската политика е многу јасен, моќта мора да биде подредена на правото. Не треба да се градат односи во кои постои правото на посилниот, туку напротив, силното право ја создава меѓународната безбедност. Ја отфрламе секоја форма на војна, било да е агресивна или пак превентивна.